Врз основа на член 89, став 3, точка 27 од Законот за банките, точка 7 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка на НБРСМ и член 88, став 3, точка 37 од Статутот на Централна кооперативна Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје на својата 214 (двесте и четиринаесетта) седница одржана на ден 20.04.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на ревидиран Кодекс за корпоративно управување на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

Се врши годишно ревидирање на текстот на Кодексот за корпоративно управување на Централна кооперативна банка АД Скопје, заведен со архивски број 0204-33/1 од 24.03.2025 година.

**Член 2**

Се усвојува ревидираниот Кодекс за корпоративно управување на Банката.

**Член 3**

Ревидираниот Кодекс за корпоративно управување на Банката, претставува составен дел на оваа одлука.

**Член 4**

Со усвојувањето на ревидираниот Кодекс за корпоративно управување на Централна кооперативна банка АД Скопје, престанува да важи Кодексот за корпоративно управување на ЦКБ АД Скопје заведен со архивски број 0204-33/1, усвоен на 201-та седница на Надзорниот одбор на Банката одржана на ден 24.03.2025 година.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Согласно точка 7 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка (Сл.весник на РМ бр.24/18), извршено е ревидирање на текстот на Кодексот за корпоративно управување на Централна кооперативна банка АД Скопје.

Ревидираниот текст на Кодексот за корпоративно управување на ЦКБ АД Скопје е во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за банки, Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, Статутот на ЦКБ АД Скопје и со другите интерни акти на Банката.

Од горенаведените причини Надзорниот одбор одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател на Надзорен одбор
с.р.